РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-3990/1
10.09 2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Визија**

*Непречен развој на ауиовизуелната област преку примена на медиумската легислатива и следење на глобалните трендови и најновите технологии во однос на аудиовизуелните медиумски услуги. Обезбедување на разновидни и квалитетни програмски содржини кои ќе ги задоволат јавниот интерес и потребите на публиката.*

**Мисија**

Поттикнување слобода на медиумите, на слободата на изразување, медиумската писменост и родовата еднаквост во програмите на радиодифузерите. Подигнување на професионалните новинарски стандарди, слободни и независни медиуми кои ќе работат во интерес на граѓаните и ќе придонесат за развојот на демократските процеси во општеството.

*Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се стреми кон заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и поттикнува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио аудиовизуелните медиумски услуги и се стреми да обезбеди јавност во работата на радиодифузерите.*

Основни стратешки цели и принципи на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се следните:

- заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и поттикнување **разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**;
- заштита на **интересите на граѓаните** во областа на аудио аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ја и малолетната публика;
- обезбедување **јавност во работата на радиодифузерите**;
- обезбедување **транспарентност на медиумската сопственост** и **спречување на недозволена медиумска концентрација;**
- анализа на релевантни **прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**;
- следење на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку анализа на економските показатели, бројот и структура на вработени, досегот на радиостаниците и уделот во купната гледаност на телевизиските станици;
- развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, со цел обезбедување на **високо квалитетни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

*Политиката за квалитет на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претставува рамка за поставување на целите за квалитет и е достапна до сите заинтересирани страни на Агенцијата.*

*Врвното раководство Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е посветено кон **постојано подобрување на Системот за Управување со Квалитет** во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015** и се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран персонал.***

Скопје, 07.07.2018 година

**Директор**

д-р Зоран Трајчевски

*Пк 5.2-1*

*Верзија 01*